РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр. 28-3/1914/7 од 13.08.2026 година**
**СКОПЈЕ**

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Сектор за оддржлив развој**
**Одделение за оддржлив развој**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на животната средина за, **Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје.**

Почитувани

Во согласност со член 65, точка 12 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/12), Ви ја доставуваме Одлуката за неспроведување постапка за Стратегиска оцена на животната средина за **Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје** и пропратната документација за проценка на потребата од спроведување СОЖС, врз основа на која е донесена горе спомената Одлука.

Со почит,

Прилог:

1. Одлука,
2. Формулари за потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина,
3. Цели на Општината

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

Изработил:
Јовица Стојановски
Референт

Раководител на сектор
Александар Јанакиески,диа

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/12) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 13.08.2026 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на **Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје**, нема да има влијание врз животната средина, бидејќи, основна цел на овој ДУП е да ги дефинира архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби во рамките на проектниот опфат, да ја дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на урбанистичкото планирање.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 28-3- 1914 / 5
Од 13.08.2026 год.
Скопје

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

Изработил:
Јовица Стојановски

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески , диа

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | "**ТАЈФА АРХИТЕКТИ**" ДООЕЛ Куманово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Совет на Општина Гази Баба** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | м-р **Стефан Лазаревски**, диа |
| Назив на работното место | Управител во "**ТАЈФА АРХИТЕКТИ**" ДООЕЛ Куманово |
| Контакт податоци за лицето | **КУМАНОВО** УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23<br>**СКОПЈЕ** УЛ. ДАНЕ КРАПЧЕВ 10Б-1/3 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24,171,24, 224/24, 40/25, 101,25, 127/25 и 134/26).<br>Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 225/20 и 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот** |
| ДА<br>НЕ x |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Подрачјето кое е предмет на разработка со овој урбанистички план претходно било предмет на **Измена и дополна на ДУП за градска четврт ЦС 09, општина Гази Баба, Плански период 2018-2023 год. (Одлука бр. 09-3831/17 од 30.09.2019 год.).** Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје.ќе се изработува согласно член 14 став (2) точка 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26) аизмените се носат со цел :<br>да го преиспита предметниот простор и да ги дефинира условите за градење во рамките на плански опфат со редефинирање на одредени градежни парцели, дефинирање на основни класи на намена, дефинирање на архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби и усогласување на досега превземените и идните планерски активности, со евидентирање на постојните – создадените вредности и примена на важечка законска легислатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).** |
| Да, Член 3, точка 13, алинеја / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| |
|---|
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

| |
|---|
| Цели на урбанистичкиот план се обезбедување усогласен просторен развој преку почитување на постојните фактички и правни состојби на теренот, дефинирање функционална и рационална наменска структура, создавање услови за развој на лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и придружна инфраструктура, како и подобрување на сообраќајната мрежа со цел ефикасна поврзаност во рамки на опфатот и поширокиот урбан контекст планот има за цел и надминување на постојните несогласувања помеѓу катастарските и градежните парцели преку ажурирање на планската документација со реалната состојба на теренот обезбедувајќи прецизно планирање правна сигурност и одржлив урбан развој.<br><br>Основна цел на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје е:<br><br>Основна цел на овој Детален урбанистички план е преку:<br>✓ рационално користење на земјиштето;<br>✓ максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот;<br>✓ оформување препознатлива архитектонска целина;<br>✓ почитување и заштита на правото на човекот на работа;<br>✓ почитување и надградување на пејсажните вредности;<br>✓ оформување културен пејсаж;<br>✓ вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;<br>✓ непречено движење на хендикепираните лица;<br>✓ почитување и валоризација на културното и градителското наследство;<br>✓ вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;<br>✓ вградување мерки за заштита и спасување;<br>✓ почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;<br>да го преиспита предметниот простор и да ги дефинира условите за градење во рамките на плански опфат со редефинирање на одредени градежни парцели, дефинирање на основни класи на намена, дефинирање на архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби и усогласување на досега превземените и идните планерски активности, со евидентирање на постојните – создадените вредности и примена на важечка законска легислатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање.<br>Според **Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје,** преставува плански документ за кој не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 5 (рет) години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?** |
| По истекот на пропишаниот плански период |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Границата на планскиот опфат на **Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба – Скопје** се движи по осовините на улиците:<br>• на **југ** по осовина на градска магистрала булевар „АСНОМ“, сервисна улица „1647 – крак 7“ и сервисна улица „1647 – крак 6“, согласно Измена и дополна на ДУП за градска четврт ЦС 09, општина Гази Баба, Плански период 2018-2023 год. (Одлука бр. 09- 3831/17 од 30.09.2019 год.);<br>• на **запад** по осовина на собирна улица „Беласица“, согласно ГУП на град Скопје,Плански период 2012-2022 год. (Одлука бр. 07-5068/1 од |

| |
|---|
| 03.12.2012 год.);<br>• на **север** по осовина на транзитна магистрала булевар „Александар Македонски“,согласно ГУП на град Скопје, Плански период 2012-2022 год. (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012 год.);<br>• на **исток** по осовина на собирна улица „Интернационални Бригади“, сервисна улица „1647 – крак 7“ и сервисна улица „1647 – крак 8“, согласно Измена и дополна на ДУП за градска четврт ЦС 09, општина Гази Баба, Плански период 2018-2023 год. (Одлука бр. 09-3831/17 од 30.09.2019 год.).<br>Вака утврдениот плански опфат по осовина на граничните сообраќајници има површина од **21,98ха**. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| ДА X<br>НЕ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| ДА X<br>НЕ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. |
|---|
| Со предметниот Детален урбанистички план, за дел од Блок 09, групите на класи на намени, основните класи на намени и поединечните класи на намени се дефинирани во согласност со член 76 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и се утврдени како:<br>**Комерцијални и деловни намени - група на класа на намени Б:**<br>• Големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1 кат) – основна класа на намена **Б2**;<br>• Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради – основна класа на намена **Б4**;<br>• Хотели и хотелски комплекси – основна класа на намена **Б5**;<br>**Инфраструктури - група на класа на намени Е:**<br>**Сообраќајни, линиски и други инфраструктури – основна класа на намена Е1:**<br>• Сообраќајни патни инфраструктури – Примарни и секундарни улични мрежи во населени места - подинечна класа на намена **Е1.1**;<br>• Инфраструктури за пренос на електрична енергија - Трансформаторски станици - поединечна класа на намена **Е1.8**;<br>• Цевни водоводи и продуктоводи - Гасоводна шахта - поединечна класа на намена **Е1.10**;<br>**Згради и комплекси на инфраструктуните системи – основна класа на намена Е2;**<br>**• Згради и комплекси на патниот сообраќај - Бензинска пумпа - поединечна класа на намена Е2.1;**<br>**Зеленило, рекреација и меморијални простори - група на класа на намени Д:**<br>**• Заштитно и сообраќајно зеленило – основна класа на намена Д2,**<br>со можност за вградување на алтернативност, компатибилност и комплементарност на намените согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 225/20 и 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26). **Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје** се претпоставува дека нема да има негативни влијанија врз животната средина. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетрањето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Зголемувањето на степенот на искористеност на земјиштето и изградба на сообраќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет во живеењето и работењето односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници.<br>Меѓутоа, веројатноста е дека одобрувањето на **Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје** не може да предизвика негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба, така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз флората и фауната ), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br><br>Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни со долгорочен карактер, имајќи го во предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Изградбата на планираните содржини на предметниот урбан зафат ќе има комулативно влијание врз животната средина, но не многу значајно а кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух.<br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |

| | |
|---|---|
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на планскиот опфат, постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина од евентуално предизвикани пожари и хаварии и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Границата на планскиот опфат се движи по осовините на улиците:<br>• на **југ** по осовина на градска магистрала булевар „АСНОМ“, сервисна улица „1647 – крак 7“ и сервисна улица „1647 – крак 6“, согласно Измена и дополна на ДУП за градска четврт ЦС 09, општина Гази Баба, Плански период 2018-2023 год. (Одлука бр. 09- 3831/17 од 30.09.2019 год.);<br>• на **запад** по осовина на собирна улица „Беласица“, согласно ГУП на град Скопје,<br>Плански период 2012-2022 год. (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012 год.);<br>• на **север** по осовина на транзитна магистрала булевар „Александар Македонски“,<br>согласно ГУП на град Скопје, Плански период 2012-2022 год. (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012 год.);<br>• на **исток** по осовина на собирна улица „Интернационални Бригади“, сервисна улица „1647 – крак 7“ и сервисна улица „1647 – крак 8“.<br>Вака утврдениот плански опфат по осовина на граничните сообраќајници има површина од **21,98ха**. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предзивикал планскиот документ како што се:** |
| Со реализација на **Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје** ќе се зголеми на степенот на искористеност на земјиштето и изградба на сообрќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет во живеењето и работењето односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници.<br>Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот. |

| |
|---|
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Планскиот концепт на Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје се базира на:<br>• Анализа на постојната состојба и можностите за развој;<br>• Имплементцијата на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;<br>• Рационалното и економично искористување на градежното земјиште;<br>• Доследна примена на законската регулатива.. |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Издадени се :<br>• Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на Измена и дополна на ДУП за Градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба, Скопје, бр. 08-33/4 од 06.04.2026 година и<br>• Решение за одобрување за културно наследство за подрачјето на опфат на Измена и дополна на ДУП за Градска четврт ЦС 09, Блок 09.01, Општина Гази Баба, Скопје, бр. 08-33/8 од 05.05.2026 година. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето на кое ќе се градат објектите преставува градежно земјиште, кое што нема можност за друга употреба. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат условите за градба на објектите. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми.**<br><br>**Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Донесувањето на Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје ќе има влијание но не значително, а кои се огледаат во следните области од животната средина:<br>- воздух - активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметните локалитети и начинот на загревање. Сепак се оценува |

| |
|---|
| дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот;<br><br>- бучава - исклучиво во фаза на реализација на планот при градење на објектите, се очекува зголемено ниво на бучава на предметниот локалитет, не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина;<br><br>- отпад - во фаза на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на урбаниот зафат се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад.<br><br>Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва,подземни води, воздух итн.);<br><br>- флора и фауна - негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна,ендемични и загрозени видови,како и карактеристични живеалишта.<br>Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје позитивно ќе влијае врз:<br>√ обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,<br>√ зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст,како и<br>√ зголемување на нивото на животен стандард во општината. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).** |
| Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>-загадување на површинските и подземните води (доколку не се придржуваат инвеститорите до предвидените проекти водоводна мрежа, фекална и атмосверска канализација);<br>-зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);<br>-зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација на објектите предвидени во планскиот опфат); |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.** |
| Просторот на планскиот опфат на Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје е опфатен со важечка планска документација :<br>• ГУП на град Скопје, Плански период 2012-2022 год. (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012 год.),<br>• Измена и дополна на ДУП за градска четврт ЦС 09, општина Гази Баба, Плански период 2018-2023 год. (Одлука бр. 09-3831/17 од 30.09.2019 год.).<br>Исто така изработката на Измената и дополната на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ЦС 09, Блок 09.01, општина Гази Баба –Скопје има допирни точки со:<br>- Демографски и економски-социјален профил на Општина Гази Баба 2009 година;<br>- Стратегија за ЛЕР на Општина Гази Баба 2013-2016 година; |

| |
|---|
| - Локален акционен план за животна средина ( ЛЕАП ) на Општина Гази Баба 2020-2026 година. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.** |
| Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** |
| Не се спроведува стратегиска оценка на планскиот документ. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Бобан Стефковски |

| | |
|---|---|
| Бр. 28-3/1914/6<br>Дата: 13.08.2026<br>Место: Скопје | М.П |

Изработил:
Јовица Стојановски

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ - СКОПЈЕ
Примено: 10 -09- 2026
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
28 | 3/1914/16

Арх. бр./Nr. ark. 15-2785/2
Дата/Data: 03 -09- 2026

До: Општина Гази Баба
Ул. Архимедова бр. 2
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Deri te: Komuna e Gazi Babës
Rr. Archimedova nr. 2
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Архив знак:
Рок чување:
200__ год.
Потпис,

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 28-3/1914/7 од 13.08.2026 година

Lënda: Njoftim
Lidhja: Nr. Juaj 28-3/1914/7 nga data 13.08.2026

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под арх. бр. 15-2785/1 од 19.08.2026 година, поврзано со постапка за носење на планска документација за Измена и дополна на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Блок 09.01 – Општина Гази Баба, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина бр. 28-3-1914/5 од 13.08.2026 година и Формуларот бр. 28-3/1914/6 од 13.08.2026 година, Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. ark. 15-2785/1 nga data 19.08.2026, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Ndryshimi dhe plotësimi i Planit të Detajuar Urbanistik për Lagjen e Qytetit CS 09, Blloku 09.01 – Komuna e Gazi Babës, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gz. Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gz. Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për mosrealizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 28-3-1914/5 nga data 13.08.2026 dhe Formularin nr. 28-3/1914/6 nga data 13.08.2026, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Muamet Hoxha

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Republika e Maqedonisë së Veriut Shkup

Изработил/Përpiloi: Zarije Abazi
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk